

**Марија Емилија Кукубајска**

На еден состанок со дијаспората во Вашингтон, дојде еден дипломат, влијателен за Македонија, и ни порача: **На вас не ви треба историја, антиквитети, туку економија, развој.**

Јас коментирав: Тогаш зошто National Geographic промовира познавање на културното наследство? А на лекар, зошто не’ прашуваат за историја на болестите кај татко, мајка, предци? Македонија се развиваше економски високо рангирана. На дипломатот, по се, не му одговарал ни овој развој, зашто не е постигнување на „неговите“ носители на промените.

Денес, и National Geographic воведува промени во своето мото, за да биде политички коректен кон пост-историските уништувања на наследствата на културите и општествата, и историската свест кај генерациите. Ребрендиран е со таг FURTHER, понатаму; оддалечување од минатото.

Тоа се случува засилено откако Disney го купи National Geographic како и Fox News на републиканецот Rupert Murdoch, за само 71.3 милијарди долари. Од тогаш се засилува левичарската кампања против републиканската Америка која го изгласа Доналда Трамп за претседател. Агендата на Disney корпорацијата (која е најмалку Мики Маус, најмногу политички активистичка пропаганда), се препознава како носител на деструкцивни промени во САД, во прилог на „Новиот светски поредок“ (NOW) со неговото психолошки деструктивно оружје и финансиска експлоатација, преку монополизирана „забавна“ агресија, контрола на умот, девијантно сексуализирање на возрасни и деца, анти-христијанство, пост-хуманизам, транс-хуманизам... и зам(ка).

**НАРОД, ЛУЃЕ БЕЗ ИСТОРИЈА**

е како...

Живот без ДНК

Мозок без срце

Ум без духовност

Свест без потсвест

Земјина почва без плоден хумус

Жена без матка

Деца без родена фамилија

Родители без своеродени деца

Крв без тело

Тело без крв

Болест без историја.

Лек со кој нема спас

Нуклеарен ветер без кислород

Планета без здравје

Биолошко оружје врз неотпорните

Геофизички војни со елементите

Галаксија без небесни тела

Планетата земја без магнетизам

Планински врв без подножје

Пирамида, небодер - без темели

Порта, врата -  без клуч

Закон без морал

Морал без законитост

Слобода без мир

Убавина без карактер – добрина

Казна без починет злочин

Злочин кој казнува правда

Лидер без следбеници

Последица без причина

Сегашност без иднина

Држави без народ

Луѓе без татковина

Збор без реченица

Утро без ѕвезда Деница

Јазик без граматика

Број без математика

Време без календар

Сезони без име

Снег без студ

Топлина без сонце

Мраз без вода во него

Магла без пареа во неа

Вода без H2O

Планета без живот

Лозје без грозје

Дрво без цвет

Машина без погон

Сонце без огон

Мудрец меѓу лудаци

Луди без паметен наоколу

Дијаманти оставени без чувар

Чувари без оружје да бранат

Конечност без инфинитезималност

Океани без граници

Јадење, пиење, спиење – без мерка

*Успех* без награда, без проверка

Награда без заслуга

Библиотека без зачувани книги

Музеј без археолошки експонати

Знаење без идеи - идни и минати